TIKVEŠ
SINCE 1885

# ОБЈАСНУВАЊЕ КОН КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 - 31.03.2016

Бруто добивката за првото тромесечие од 2016 година достигна 107,5 мил. денари што е зголемување за 7%, односно за 6,8 мил. денари во однос на истиот период од минатата година. Растот на бруто добивката е резултат на зголемените приходи од продажба на домашен пазар за 16,7 мил. денари, односно за 12% и зголемените приходи од продажба на странски пазари за 6,1 мил. денари, односно за 5%. Вкупните приходи од продажба достигнаа 283,7 мил. денари, односно се оствари зголемување од 9%.

Оперативната добивка е зголемена за 11%, односно за 3,2 мил. денари, како ефект на оптимизирањето на оперативните приходи и расходи соодветно на продажбата.

Остварена е добивка од редовно работење од 15,3 мил. денари, што претставува зголемување за 2,5 мил. денари.